Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
03 Бр. 255/1
22. 9 2023 год.

Деканот на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје распишува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

за избор на демонстратори
во учебната 2023/2024 година

**I.** Се утврдува потребата од ангажирање демонстратори на:

1. Институтот за архитектонско проектирање;
2. Институтот за урбанизам;
3. Институтот за високоградба;
4. Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата;
5. Институтот за графички комуникации.

Согласно член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.82 од 8.5.2018 година), кандидатот за демонстратор на наставните предмети на прв циклус студии по архитектура и на интегрираните студии од прв и втор циклус по архитектура треба да ги исполнува следните услови:

- да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии од соодветна област и кој студиите од прв циклус ги завршил со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум);
- да е студент на студии од интегриран прв и втор циклус студии од соодветна област кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 ( осум).

**II.** Заинтересираните кандидати треба да достават:

- пријава во која ќе наведат за кои предмети се пријавуваат;
- куса биографија (CV)
- доказ за исполнување на условите наведени во интерниот конкурс (потврда за редовен студент и уверение за положени испити).

**III.** Интерниот конкурс се објавува на веб странaта и на огласната табла на Факултетот.

**IV.** Листата на избраните кандидати ја утврдува Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при што Факултетот го задржува правото да ангажира број на демонстратори според потребите на Факултетот, во зимскиот и летниот семестар во учебната 2023/2024 година.

**V.** Потребните документи да се доставaт во архивата на Архитектонскиот факултетот до петок, 29.9.2023 година, најдоцна до 12,00 часот.

Декан,

Проф. д-р Огнен Марина